**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-350/3
Датум:17.2.2016 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 189 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член и 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје–пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 253/2013 година), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 17.2.2016 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

за отпочнување на постапка за избор на декан

1. Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, единица отпочнува постапка за избор на декан во мандатниот период 15.9.2016 до 14.9.2020 година.

2. Се формира Изборна комисија од три члена, во состав:
-проф. д-р Марија Кацарска, претседател,
-проф. д-р Крсте Најденковски, член
-проф. д-р Перо Латкоски, член.

3. Пријавувањето на кандидатите започнува од денот на донесувањето на оваа одлука и трае до 18. март 2016 година, односно 30 дена од денот на донесувањето на одлуката.

4. Пријавените кандидати, преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука, доставуваат пријава и програма за работа (во пишана форма и CD) за мандатниот период од точка 1 на оваа одлука.

5. Изборната комисија ги доставува документите (електронската верзија) од точка 4 на оваа одлука до членовите на наставно-научниот совет на Факултетот во рок од три дена од денот на добивањето на истите.

6. Наставно-научниот совет, на седницата што ќе ја одржи во април 2016 год. ќе се изјасни за еден од предложените кандидати, **со тајно гласање**, што ќе го спроведе Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука.

7. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата на ФЕИТ, УКИМ, огласна табла, секретар и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски